**ОДЛУКА**

за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година

Скопје, јуни 2020 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/04.03.2020 година, пречистен текст), Собранието на акционери на седницата оддржана на 30.06.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година

1. СЕ ОДОБРУВА Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година.

2. СЕ ОДОБРУВА поединечното работење на секој член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје, како што следува:

- Маринис Стратопулос, **Претседател на Надзорниот одбор на СБ,** Генерален директор за меѓународни активности, Национална Банка на Грција С.А. Атина;
- Димитриос Христопулос, **Заменик Претседател на Надзорниот одбор на СБ**, Советник за меѓународни активности, Национална Банка на Грција С.А. Атина; [1]
- Анастасиос Лизос, **член на Надзорниот одбор на СБ**, Раководител за меѓународни активности, Национална банка на Грција С.А. Атина;
- Јанис Кајулис, **член на Надзорниот одбор на СБ**, Раководител на Секторот за корпоративно кредитирање, Национална банка на Грција С.А. Атина;
- Димитра Гудуфа, **член на Надзорниот одбор на СБ,** Директор во Кабинетот на Генералниот извршен директор, Национална банка на Грција С.А. Атина;
- Владимир Филиповски, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор, Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје;
- Сашо Ќосев, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор, Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје.

3. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О. Бр.416
30.06.2020
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**
Наташа Трпеноска Тренчевска

[1] На 30.01.2020 година, г-динот Христопулос поднесе оставка од позицијата член на Надзорен одбор на Стопанска банка. На неговата позиција, на седницата оддржана на 04.03.2020 година, Собранието на акционери го именува г-динот Х. Христодулу, Генерален финансиски директор и член на Извршниот одбор на НБГ Групацијата.

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2019 година**

Во 2019 година Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје продолжи да работи во целосна согласност со законите, Статутот на Банката, сопствените Правила за работење и стандардите на НБГ Групацијата, придонесувајќи кон доброто корпоративно управување и стабилноста на Банката.

Надзорниот одбор постојано беше вклучен во одлуките од големо значење и активно вршеше надзор над работењето на Банката. Надзорниот одбор редовно беше информиран за сите поважни прашања за Стопанска банка и деловното опкружување. Поточно, Надзорниот одбор редовно ги разгледуваше сеопфатените извештаи за финансиското и оперативното работење на Стопанска банка, Деловниот план, извештаите на надлежните органи и Секторот за внатрешна ревизија, извештаите на усогласеноста на работењето на Банката со законите, голем број политики, итн. Дополнително, Надзорниот одбор беше информиран за поголемите промени во релевантното законодавство и за прашања поврзани со внатрешните контроли.

Како што е објаснето подетално во следниот дел од Извештајот, Надзорниот одбор успешно придонесе кон заштита и унапредување на долгорочните интереси на Стопанска банка.

## 1. Начин на работење на Надзорниот одбор

Седниците на Надзорниот одбор се оддржуваа во согласност со законските определената редовност, односно најмалку еднаш квартално. Во 2019 година, Надзорниот одбор организираше 6 редовни седници, на кои беа адресирани сите прашања од особена важност за Банката и во согласност со неговите надлежности. Помеѓу седниците, во 4 прилики, беа разгледани/одобрени одредени точки со писмена согласност.

Надзорниот одбор ги организираше своите седници во согласност со Годишниот план за работа за 2019 година и во согласност со одговорностите определени во Законот за банки и интерните акти.

1/ Пред се, Надзорниот одбор го усвои Деловниот план и Развојната политика на Стопанска банка за периодот 2019-2021 година и активно учествуваше во следењето на нејзината имплементација и работењето на Банката. Имено, Управниот одбор редовно и сеопфатно го информираше Надзорниот одбор за деловни прашања и други значајни работи поврзани со управувањето и надзорот на Банката. На секоја седница Генералниот извршен директор сеопфатно ја презентираше финансиската позиција на Банката и беше отворен за прашања од членовите на Надзорниот одбор. Дополнително, Генералниот директор за управување со ризици го дополнуваше ГИД со презентирање на ризичниот профил, ликвидносната позиција и управувањето со капиталот и ги презентираше извештаите за работа на Одборот за управување со ризици.

2/ Покрај извештаите на Управниот одбор, преку годишните планови и редовните извештаи на Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност со законите, Надзорниот одбор го следеше работењето на одговорните лица за контролните функции и беше соодветно запознает за тековните работи поврзани со регулаторни прашања и

работењето на внатрешните контроли. Во текот на годината, Надзорниот одбор повторно го именува постојниот Директор на Секторот за внатрешна ревизија за уште еден мандат.

Особено внимание се посвети на следењето на имплементацијата на препораките на Гувернерот на Народна банка на Република С. Македонија, имајќи ја предвид улогата на Надзорниот одбор во воспоставувањето ефикасна соработка со Народната банка и другите регулаторни тела во земјата.

Дополнително, на полугодишна основа Офицерот за информативна безбедност го информираше Надзорниот одбор за ризиците поврзани со информациската безбедност и тековните случувања во оваа област.

3/ Исто така, Надзорниот одбор даде свој придонес кон корпоративното банкарство преку усвојување на предлозите за големите корпорации кои претходно се одобруваат и од Меѓународниот корпоративен кредитен одбор. Дополнително, ги одобри и Лимитите по индустрии за 2019 година, дополнувајќи ја рамката за лимити за максимална изложеност кон компании во определени економски сектори.

4/ Сите политики под надлежност на Надзорниот одбор беа ревидирани во 2019 година. Помеѓу поважните, беа ревидирани Корпоративната кредитна политика, Стратегијата за ризичниот и капиталниот профил, Документ за прифатливо ниво на ризик (Risk Appetite Framework), Политиката за управување со кредитниот ризик за банкарство на мало, Политиката за класификација на нефункционални и реструкруирани изложености, ИТ Стратегијата, Политиката за информациска сигурност, Планот за опоравување, Политиката за управување со ликвиден ризик, Политика за усогласеноста на Банката со законите, Политика против перење пари и финансирање тероризам, итн.

5/ Во согласност со своите надлежности, Надзорниот одбор ги обнови Правилата за работа на Управниот одбор со цел да ги усогласи со одредбите од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка. Поточно, помеѓу другите работи, Правилата беа дополнети со одредби поврзани за оцената на членовите на Управниот одбор и одредби кои ја уредуваат комуникацијата помеѓу Управниот одбор и Надзорниот одбор. Дополнително, Надзорниот одбор редовно го обновуваше членството на одборите под негова надлежност, именуваше Секретар на Надзорниот одбор, итн.

6/ Во 2019 година два пати се оддржа Собрание на акционери. Во однос на Годишното Собрание на акционери оддржано на 29.05.2019 година, Надзорниот одбор го одобри Дневниот ред со сите задолжителни точки согласно законите. Покрај ова, до Надзорниот одбор беше доставена иницијатива од дел од сопственици на приоритетни акции за конверзија на приоритетните акции во обични акции во соодност 1:2. Иницијативата беше разгледана од Надзорниот одбор и беше вклучена во Дневниот ред. Собранието на акционери не ја одобри предложената конверзија. За вонредното Собрание на акционери оддржано на 19.11.2019 година, Надзорниот одбор одобри Дневен ред со предложени измени на Статутот на СБ. Со предложените измени Надзорниот одбор одговори на препораките од Комисијата за хартии од вредност за правата на акционерите, вклучително и во однос на препораката за определување на фиксен износ на дивиденда за приоритетните акции како однапред определен износ. Предложените измени беа усвоени од обичните акционери но не и од мнозинството од присутни сопственици на приоритетните акции, со што не беше усвоен предлогот за измена на Статутот на СБ во однос на правата од акциите.

*Редовност на седници*

Членовите на Надзорниот редовно учествуваа на седниците на Надзорниот одбор и, соодветно, на Одборот за ревизија и Одборот за наградување, како што следува:

| **Член** | **Број на седници (вклучително на Одборот за ревизија и Одборот за наградување)** | **Учество на седници** | **Учество на седниците (% од вкупниот број на седници)** |
|---|---|---|---|
| Маринис Стратопулос | 6 | 4 | 67% |
| Димитриос Христопулос | 10 | 9 | 90% |
| Анастасиос Лизос | 12 | 12 | 100% |
| Димитра Гудуфа | 10 | 6 | 60% |
| Јанис Кајулис | 6 | 6 | 100% |
| Владимир Филиповски | 8 | 8 | 100% |
| Сашо Ќосев | 8 | 8 | 100% |

За сите одлуки кои беа донесени со писмена согласност од страна на Надзорниот одбор и останатите одбори (10 писмени согласности вкупно), сите членови, согласно законот, имаат дадено согласност. Дневниот ред и материјалите за седниците се доставува до сите членови без разлика дали подоцна членот учествува на седницата.

## 2. Следење на работењето и соработка со другите тела, одбори и контролни функции на Стопанска банка

Редовното одржување на седниците и постојаната комуникација со менаџментот обезбеди активна размена на информации помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор. Дополнително, Генералниот извршен директор имаше редовна и почеста комуникација со Претседателот на Надзорниот одбор за сите позначајни работи.

Како што е објаснето погоре, Надзорниот одбор имаше активна и отворена комуникација со Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност со законите, и ги одобри нивните годишни планови за работа, редовно ги разгледуваше и дискутираше нивните извештаи, итн. Дополнително, Надзорниот одбор го следеше работењето на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Одборот за наградување преку разгледување на нивните извештаи за работа.

Се на се, Надзорниот одбор имаше активна комуникација и активно ја следеше работата на другите одбори и контролни функции на Банката.

## 3. Наградување на членовите на Надзорниот одбор

Сите членови на Надзорниот одбор имаат право на надоместок за нивната работа како членови во Надзорниот одбор.

Согласно Одлуката на Собранието на акционери за определување надомест на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. Бр. 249/12.12.2012 година),

надоместокот е определен на 400 евра нето на месечна основа. Сепак, во согласност од Одлуката на Одборот на директори на НБГ Групацијата, на сите вработени на НБГ С.А. Атина кои учествуваат во работата на одборите на банките и/или компаниите кои се дел од НБГ Групацијата не им се исплаќа надомест за нивното учество во работењето на одборите.

### 4. Оцена на работењето

Со цел да се оцени ефикасноста и ефективноста, да се идентификуваат потенцијалните недостатоци и да се обезбеди дека работењето на Надзорниот одбор е во целосна согласност со пропишаните регулаторни и интерни стандарди, членовите спроведоа оцена на своето работење во текот на 2019 година, од поединечен и колективен аспект. Оцената ги имаше предвид балансот на вештини, искуство и знаење помеѓу членовите, независност, како членовите работат заедно како тим и други фактори релевантни за работењето на Надзорниот одбор.

Врз основа на оцената, се донесе заклучок дека работењето на Надзорниот одбор, како целина, е со највисока оцена (вкупно 4.3 од 5), односно дека Надзорниот одбор работи во согласност со законите и стандардите за добро корпоративно управување и ефективно ја извршува својата улога и надлежности. Членовите на Надзорниот одбор очекуваат во иднина да продолжи подобрувањето на организацијата на седниците, постојано да се имплементираат најдобрите практики, особено поврзано со планирање на членството на телата, евалуацијата, надзорот над практиките за наградување и генералното познавање на ИТ технологијата со цел членовите да имаат подобар преглед над имплементацијата на ИТ Стратегијата.

Членовите на Надзорниот одбор исто така го оценија работењето на секој член (секој член на Надзорниот одбор го оценува работењето на останатите членови, вклучително и Претседателот на Надзорниот одбор).

Само-оцената потврди дека постојниот состав на Надзорниот одбор има членови кои поседуваат колективно и поединечно знаење, вештини и искуство како и интегритет и репутација кои се соодветни за системски значајна банка како СБ. Дополнително, сите членови посветуваат соодветно време и фокус на нивните надзорни и стратешки одговорности.

Дополнително, во 2019 година Надзорниот одбор ја оцени и работата на Управниот одбор. Врз основа на целосната оцена, се донесе заклучок дека работата на Управниот одбор на Стопанска банка, како целина, е оцената со висока оцена (4.4 / 5), односно Управниот одбор работи во согласност со релевантното законодавство и стандардите за добро корпоративно управување и ефективно ги извршува своите надлежности и улога. Управниот одбор покажува одлично и професионално работење, со што Надзорниот одбор нема никаква забелешка во однос на нивните професионални квалификации, личен интегритет и менаџерски вештини на генералните директори.

Следствено, не се предложија позначителни промени во работењето на Надзорниот одбор или Управниот одбор.

### 5. Судир на интереси

Во согласност со Законот за банки, сите лица со посебни права и одговорности, вклучително и членовите на Надзорниот одбор, се обврзани да поднесат годишна изјава за нивната поврзаност со други лица со посебни права и одговорности, доверителите или акционерите на СБ, и два пати годишно да поднесат изјава за

(не)постоење судир на интереси. Лицата со посебни права и одговорности не смеат да учествуваат во одлучувањето, склучувањето договори или други деловни активности на СБ доколку во моментот на носењето на одлука постоело судир на нивните личен интерес или интересот на лицата поврзани со нив и интересот на Банката. Сите членови на Надзорниот одбор имаат обврска да го известат Секретарот на Надзорниот одбор за постоење на конфликт на интереси пред одржување на состанокот на кој се дискутира / усвојува одлуката.

Во 2019 година не беше пријавен судир на интереси од ниту еден член на Надзорниот одбор на Стопанска банка.

❖ ❖ ❖

Ја изразуваме нашата благодарност до членовите на Управниот одбор и сите вработени на Стопанска банка АД - Скопје за нивната посветена работа кон постојано остварување на мисијата и стратешките цели на Банката.

Н.О. Бр.
28.05.2020
Skopje

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Маринис Стратопулос
**Претседател**